ДП бр. 2/2025

**ДИСЦИПЛИНСКИОТ СОВЕТ ПРИ НОТАРСКАТА КОМОРА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА** во совет составен од Елена Милушева Сапунџиева, претседател на советот, Вјолца Мехмеди, Сашко Георгиев, Мирсад Суроји и Ермон Незири, членови на советот, со записничар Тања Илиќ, во дисциплинска постапка против нотарот Е.З од О., по одржаната расправа во согласност со членот 20 и 21 од Правилникот за дисциплинска одговорност и дисциплинска постапка Нотарската комора на Република Северна Македонија, во отсуство на нотарот уредно канет, на ден 14.5.2025 година, го донесе следното

## Р Е Ш Е Н И Е

Нотарот Е.З. од О., **виновен е** за сторена дисциплинска повреда по член 138 став (1) алинеја 8) од Законот за нотаријатот, поради тоа што во постапката за составување на Нотарски акт - Договор за залог (хипотека) со својство на извршна исправа ОДУ бр. 190/24 од 31.7.2024 година, за засновање на залог врз недвижен имот-стан во Охрид, во кој учесникот М.К од Ш се јавува како заложен должник, во полза на заложниот доверител Ш. АД Скопје, и при тоа не побарал согласност од брачниот другар на заложниот должник-лицето Х. К. од С., на која начин постапил спротивно на член 54 став (1) од Законот за нотаријатот, а во врска со член 72 од Законот за сопственост и други стварни права, поради што се казнува со дисциплинска мерка – **писмена опомена.**

**Претседател на Советот**
**Елена Милушева Сапунџиева**

**ПРАВНА ПОУКА**: Против решението дозволена е жалба во рок од 8 дена по приемот до Второстепениот дисциплински совет;

ДН:
- Нотарот;
- Архивата на НКРСМ;
- По конечноста до Министерство за правда;